# РЕАЛНАТА ХЕРАЛДИКА ВО МАКЕДОНИЈА ДО 1991

*Јован Јоновски*

Македонско грбословно друштво,
Претседател и главен хералд
https://orcid.org/0000-0003-2448-3441

УДК 929.6(497.7)(091)

https://doi.org/10.47763/mher2117003j

Рецензирана статија






## АПСТРАКТ

Секој европски регион и земја има хералдика со некои специфики. Во оваа статија ќе ја разгледаме реалната хералдика (вистински користена во Македонија наспроти фиктивната) во Народна/Социјалистичка Република Македонија, разбрана како мноштвото грбови, хералдичко знаење и уметност. Статијата ги опфаќа најраните сочувани хералдички мотиви и грбови што се пронајдени во Македонија во предотоманскиот период, а исто така и реалната хералдика што постоела на територија на Н/СР Македонија, како и државната и општинската хералдика. Статијата го опфаќа развојот на хералдиката како дисциплина и наука и развојот на хералдичката мисла во СР Македонија до нејзината независност во 1991 година.

**Клучни зборови**: хералдика на Македонија; грбовите на Македонија; социјалистичка хералдика, македонска општинска хералдика.

# REAL HERALDRY IN MACEDONIA UNTIL 1991

*Jovan Jonovski*

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald
https://orcid.org/0000-0003-2448-3441

UDC 929.6(497.7)(091)

https://doi.org/10.47763/mher2117003j

Peer-reviewed article

## ABSTRACT

Every European region and country has heraldry of some form. In this paper we will consider the "real heraldry" (really used in Macedonia as oppose fictitious one) in the People's/Socialist Republic of Macedonia, understood as the multitude of coats of arms, and armorial knowledge and art. It covers the earliest preserved heraldic motifs and coats of arms found in Macedonia in the pre-Ottoman period. Also real heraldry that existed in the territory as well as the State and municipal heraldry of the P/S R Macedonia. The paper covers the development of heraldry as both a discipline and science and the development of the heraldic thought in SR Macedonia until its independence in 1991.

**Keywords:** Heraldry of Macedonia; Coats of arms of Macedonia; Socialist heraldry, Macedonian municipal heraldry

Хералдиката во Македонија и нејзиното проучување, долго време беше фокусирана на феноменот на појава на фантастични и припишани грбови на Македонија во „Илирските грбовници“[1], составени и користени надвор од Македонија, без вистинска врска со самата Македонија (Матковски 1970). Понатаму, таа беше проширена за да ги вклучи припишаните грбови на Александар Македонски, во европската средновековна култура, литература и грбовници (Јоновски 2009б). Во оваа статија ќе ја разгледаме реалната хералдика што постои во Народна/Социјалистичка Република Македонија, разбрана како мноштво грбови, хералдичкото знаење и уметност (Neubecker 1997, 10). Таа ги опфаќа најраните сочувани протохералдички мотиви и грбови, пронајдени во Македонија. Исто така, ја опфаќа државната и општинската хералдика на Н/СР Македонија, како и развојот на хералдиката како дисциплина и наука и развојот на хералдичката мисла во СР Македонија.

Првата вистинска хералдика во Македонија е одраз на „Илирската хералдика“ особено од Жефаровичевиот (Жефарович 1741) превод на Стематографија на Витезовиќ (Vitezovic 1701).

## ПРЕДОСМАНЛИСКА ХЕРАЛДИКА

На Балканот, под реката Дунав, хералдичката практика била во зачеток пред Отоманската Империја да го заземе регионот кон крајот на 14 и почетокот на 15 век. Најстарите протохералдички мотиви во Н/СР Македонија се наоѓаат во манастирската црква Свети Пантелејмон во Нерези, во околината на Скопје, изградена во 1164 година од византискиот благородник Алексис Комнен. Во неа има претстави на шест свети воини, прикажани со штитови. Од двете страни на влезот на наосот има фрески од по тројца свети воини. Текстот со нивните имиња на фреските не преживеал, но идентитетот на воините може да се утврди, по аналогија (Барџиева-Трајковска

Heraldry in Macedonia and its study, for long time was centred around the phenomenon of the appearance of fantastic and attributed arms of Macedonia in the “Illyrian Armorials“[1] designed and used outside Macedonia with no real connection to the actual Macedonia (Матковски 1970). Further it was widened to include the attributed arms of Alexander the Great, found in European medieval culture, literature and armorials (Jonovski 2009b). In this paper we will consider the real heraldry that exists in the People’s(P)/Socialist(S)/Republic(R) of Macedonia, understood as the wide variety of coat of arms, and the armorial knowledge and art (Neubecker 1997, 10). It covers the earliest preserved proto-heraldic motifs and coats of arms found in Macedonia. It also covers the State and municipal heraldry of the P/S R Macedonia as well as the development of heraldry as both discipline and science and the development of Heraldic thought in SR Macedonia.

The first real heraldry in Macedonia is a reflection of the “Illyrian heraldry“, especially by Zhefarovic (Жефарович 1741) translation of Stemmatographia of Vitezovic (Vitezovic 1701).

## PRE-OTTOMAN HERALDRY

In the Balkans, below the Danube, heraldic practices were in their infancy before the Ottoman Empire seized the region at the end of the 14th and beginning of the 15th centuries. The oldest proto-heraldic motifs in P/S R Macedonia are found in the monastery church of St Pantelejmon in Nerezi, in the vicinity of Skopje, built in 1164 by the Byzantine nobleman Alexius Comnenus. There is a presentation of the six Holy Warriors depicted with shields. On both sides of the entrance to the main sanctuary, there are frescoes of three Holy Warriors each. The text with their names on the frescos has not survived, but the identities of the Warriors may be established



Сл./Fig. 1

2004).

На левата страна (сл. 1), има претстава на Свети Меркуриј, на којашто е видлива само обратната страна на штитот; Свети Теодор Стратилат е со штит, поделен по крст на зелено и црвено, полиња дамаскирани со цветни дезени; и Свети Теодор Тирон: бојата на штитот не преживеала. На штитот има златен пола кентаур. На полето има неколку мали осумзрачни сонца, коишто или укажуваат на тоа дека полето е посеано со сонца или најверојатно е цизелација.


Сл./Fig. 2

На десната страна (сл. 2) се наоѓа Свети Ѓорѓи: каде се гледа само задниот дел од штитот; бојата на штитот на свети Димитриј не преживеала, но веројатно била сина, а грбовата фигура е златен лав. Не може да се одреди позата на телото, бидејќи ниту еден дел од телото не преживеал. На полето има неколку мали осумзрачни сонца, коишто или покажуваат дека полето е посеано со сонца или најверојатно е цизелација. Трет е Свети Несториј: штитот е пресечен (или раскрстен) црвено и зелено (Јоновски 2009, 24).


Сл./Fig. 3

Постоењето лична хералдика од 14 и 15 век, во регионот е докажано со материјални артефакти. Повеќето од нив се само со хералдички шлем и челенка. Најстарата хералдичка претстава е на монети на кралот Стефан Душан Немањиќ (Скопје бил негов главен град каде што бил крунисан во 1346 година), каде што е претставен шлем со челенка со пердув. Монетите биле ковани помеѓу 1335 и 1345 година (сл. 3). Грбот на династијата Немањиќ се наоѓа во илирските грбовници (крајот на 16


Сл./Fig. 4

by analogies (Барџиева-Трајковска 2004).

On the left side (Fig. 1), there are presentations of St Mercurius, only the reverse of the shield is visible; St Theodor Stratilat with his shield per cross Vert and Gules, the field diapered with floral patterns; and St Theodor Tyron: The colours of his arms have not survived, but on the shield there is a golden demi-centaur. Also, on the field there are several small eight-pointed suns, which either indicate that the field is semé of suns Or, or more probably are diapering.

On right side (Fig. 2) are St George: only the reverse of his shield is visible; the colours of St Demetrius' shield did not survive, but are probably Azure, charged with a lion Or. The posture cannot be determined since no parts of the body has survived. On the field there are several small eight-pointed suns, which – as before – either indicate that the field is semé of suns Or or, more probably, diapering. The third is St Nestorius: his shield is per fess (or per cross) Gules and Vert (Jonovski 2009, 24).

The existence of personal heraldry of the 14th and 15th century in the region is proven by material artefacts. Most of them are just with an heraldic helm and a crest. The oldest heraldic representation on coins is of King Stefan Dushan Nemanjic (Skopje was his capital where he was crowned in 1346), where a helmet with a crest of a feather is presented. The coins were minted somewhere between 1335 and 1345 (Fig. 3). The arms of the Nemanjic dynasty are found in the Illyrian armorials (end 16thC) with the blazon *Gules a double headed-eagle each head*

век) со блазон црвено, сребрен двоглав орел, секоја глава крунисана (сл. 4). Ова се разликува од хералдиката што се користи на неговите монети.

На надгробниот споменик на големиот војвода и генерал на кралот Душан, Никола Стањевиќ (1346 – 1371), основачот на манастирот Свети Стефан во Конче кај Радовиш, има шлем со перница и пердув (сл. 5).



Сл./Fig. 5

По распадот на Душановото царство, поголемиот дел од територијата на Македонија била под власт на Волкашин, кој во 1365 година бил промовиран во крал. Неговиот син кралот Марко, бил негов совладетел до загинувањето на неговиот татко во 1371 година, во битката кај Марица. Тие потекнуваат од семејството Мрњавчевиќ, чиј грб е присутен во илирските грбовници (сл. 6). На челенката има девојка која држи знаме, расечено на сребрено и црвено, со орел обратно обоен. На монети што ги ковал и на печат зачуван на повелба од 1370 година во Дубровник, има шлем со челенка со глава на принцеза со круна. Од шлемот излегуваат две гранки, коишто можат да бидат дел од мантија (сл. 7).



Сл./Fig. 6

Друг владетел по распаѓањето на Душановата империја, Вук Бранковиќ, во 1377 година го зазел Скопје од кралот Марко. Семејниот грб на Бранковиќ се наоѓа во илирските грбовници со блазон лав помеѓу два рога (сл. 8). Истиот мотив е пронајден и на печат на Вук Бранковиќ, којшто претставува најрано пронајден целосен грб, со штит, шлем и челенка (сл. 9). Штитот прикажува лав помеѓу два рога, мотив што се повторува на челенката (Иванишевић 2004, 227).



Сл./Fig. 7

На крајот на 14 век, дури и помали благородници имале грбови. Прстен од некрополата во Водоча прикажува целосен грб со штит, шлем и челенка (сл. 10). Штитот е со шаховница, а

*crowned Argent (*Fig. 4). This differs from the heraldry used on his coins.

On the tombstone of King Dushan's great duke and general, Nikola Stanjevic (1346-1371), the founder of the monastery of St Stephen in Konche near Radovish, there is a helmet with a cushion and feather (Fig. 5).

After the disintegration of Dushan's Empire, the majority of the territory of Macedonia was under the rule of Volkashin, who in 1365 was promoted to king. His son King Marko was his co-ruler until his father`s death in 1371 at the Battle of Maritsa. They came from the Mrnjavcevic family, whose coat of arms is present in the Illyrian armorials (Fig. 6). The crest is a girl holding a flag *per Pale Argent and Gules with an eagle counterchanged*. On coins which he minted and on a seal preserved on a charter from 1370 in Dubrovnik, there is a helmet with a crest with the head of a princess with a crown. Two branches emerge from the helmet, which may be part of a mantle (Fig. 7).

Another ruler after the disintegration of Dushan's Empire, was Vuk Brankovic, who in 1377 captured Skopje from King Marko. Brankovici's family coat of arms is found in the Illyrian armorials with a lion between two horns (Fig. 8). The same motif is found on a seal of Vuk Brankovic, which is earliest found with the entire coat of arms, with a shield, helmet and crest (Fig. 9). The shield depicts a lion between two horns, a motif repeated on the crest (Иванишевић 2004, 227).

At the end of the 14th century even lesser nobles also had coats of arms. A ring from the necropolis in Vodocha shows a whole coat of arms with a shield, helmet and crest (Fig. 10). The shield

членката веројатно е волк. Околу прстенот има текст „Почитувај го Божјиот роб Хлпен“, што можеби е поврзан со Радослав Хлапен, владетел на Бер и Воден, таткото на Јелена, сопругата на кралот Марко (Манева 2007, кат. бр. 40).

Наскоро под Отоманската Империја и нејзината исламска концепција за уметност, хералдиката во поширокиот регион згаснува. Некои од семејствата мигрирале во странство за да се здобијат со грбови, но веќе како дел од тоа општество.



Сл./Fig. 8

## РЕАЛНА ХЕРАЛДИКА

Имагинарната хералдика од литературните и уметничките дела на европската култура, поврзана со Македонија, особено илирската хералдика, особено од делото на Жефарович, премина во вистинска хералдика. Блазонот црвено; златен лав е насликан на иконостасот на манастирот Свети Јован Рилски во пиринскиот дел на Македонија (денешна Бугарија). Манастирот бил изграден од Хреља Омучевиќ (наводен предок на Дон Педро Омучевиќ), кој ја изградил кулата во 1335 година и црквата во 1343 година. Црквата што стои денес е изградена 1834 – 1837 година, а насликана 1844 – 1846 година од разловечката и самоковската сликарска школа. На северниот дел од иконостасот се појавуваат четири грбови: српски, бугарски, босански и македонски. Македонскиот грб е во долниот ред, точно на порталот (сл. 11).



Сл./Fig. 9



Сл./Fig. 10

Истиот хералдички мотив се појавува и на македонското знаме на Разловечкото востание од 1876 година, создадено под водство на учителот од Разловци, Димитар Поп Георгиев-Беровски. На него се појавува црвен лав, без круна и со една опашка. Тој лав, заедно со натписот „МАКЕДОНІЯ“ во лак, е поставен на златен правоаголник,



Сл./Fig. 11

is checky and the crest probably is a wolf. Around the ring there is a text "Respect the slave of God Hlpen" which may be related to Radoslav Hlapen, ruler of Ber and Voden, the father of Jelena, the wife of King Marko (Манева 2007, cat no 40).

Soon afterwards, under the Ottoman Empire and its Islamic conception of art, heraldry in the area ceased to exist. Some of the families migrated abroad and acquired coats of arms, but already as part of that local society.

## REAL HERALDRY

The imaginary heraldry of literary and works of art of the European culture connected to Macedonia, especially the Illyrian heraldry, Zhefarovic`s work in particular, turned into real heraldry. The blazon *Or a lion Gules* is painted on the iconostasis of the Monastery of St Ivan of Rila in the Pirin part of Macedonia (present day Bulgaria). The monastery was built by Hrelja Ohmuchevic (the claimed ancestor of Don Pedro Ohmuchevic), who built the tower in 1335 and the church in 1343. The church that stands today was built in 1834–1837, and was painted in 1844–1846 by the Razlovci and Samokov painting school. On the northern part of the iconostasis four coats of arms appear: Serbian, Bulgarian, Bosnian, and Macedonian. The Macedonian coat of arms is on the lower row, right on the portal (Fig. 11).

The same heraldic motive appears on the Macedonian flag of the Razlovci Uprising of 1876, created under the guidance of a teacher from Razlovci, Dimitar Pop Georgiev-Berovski. On it a red lion appears, uncrowned and with one tail. That lion, together with the inscription "МАКЕДОНІЯ" in an arc, is set on

поместен кон копјето (сл. 12). Изгледот на лавот доаѓа од стематографијата на Жефарович (меѓу оставината на Георгиев-Беровски има неколку обиди да се нацрта лавот од Стематографијата). Знамето се користело и во македонското (Кресненско) востание од 1878 година (Миљковиќ 2003, 23).




Сл./Fig. 12

Од 1912 година, предметниот дел на Македонија бил интегриран во Кралството Србија и се користел српскиот грб: црвено, сребрен двоглав орел со штитче, црвено, сребрен крст меѓу четири огнила (Круна 2006). Од 1918 година, Србија била инкорпорирана во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (подоцна наречено Југославија) и грбот се користел во Македонија – двоглав орел со сложен грб на градите. Штитчето е пресечен и полурасечен: (1) Србија – црвено, сребрен крст меѓу четири огнила; (2) Хрватска – шахирано црвено и сребрено; (3) Словенија – сино, златна ѕвезда, во основата сребрена полумесечина. (Јовановић 2010, 103).

Првото појавување на грб на градот Скопје, тогашен главен град на Вардарска Бановина, датира од 21 февруари 1928 година, најверојатно како предлог. Грбот прикажува штит со камен мост, под којшто тече река, како и пејзаж зад мостот со планини и реки. Зад планината, зад облаците, изгрева сонцето. Зад штитот има голема наметка со круна. Грбот на Кралството СХС исто така е даден нехералдички во составот. Сликата е црно-бела и на неа е потпишан и авторот: веројатно „сл. Ђ Сутулаћ“ (сл. 13).



Сл./Fig. 13

Грбот на Град Скопје, заедно со грбот на Кралството Југославија се појавува врежан на корица на албум во приватната колекција на кралот Александар Караѓорѓевиќ (Ацовић 2008, 636). Штитот е шпански и крунисан со „круната на цар Душан“. Тоа е пејзажна композиција со тврдината и камениот мост и

a gold rectangle shifted toward the hoist (Fig. 12). The lion's appearance comes from Zhefarovic's *Stemmatographia* (among Georgiev -Berovski's personal effects were several attempts to draw the *Stemmatographia* lion). The flag was also used in the Macedonian (Kresna) Uprising of 1878 (Миљковиќ 2003, 23).

From 1912, the part of Macedonia in question was integrated into the Kingdom of Serbia, and the Serbian coat of arms was used: *Gules a double-headed eagle Argent* with inescutcheon, *Gules a cross between four furisons all Argent* (Круна 2006). From 1918, Serbia was incorporated into the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes (latter called Yugoslavia) and its arms were used in Macedonia: a double-headed eagle with marshalled coats of arms on its chest. The shield is partitioned per fess, dexter per pale: (1) Serbia- *Gules a cross between four furisons all Argent*, (2) Croatia – *Checky Gules and Argent*; (3) Slovenia – *Azure, a star Or and in base a crescent Argent.* (Јовановић 2010, 103).

The first appearance of a coat of arms of the city of Skopje, then the capital of the region Vardar Banovina, is dated 21 February, 1928, probably being a proposal. The coat of arms depicts a shield with a stone bridge, under which a river flows, as well as a landscape behind the bridge with mountains and rivers. Behind the mountain, behind the clouds, the sun rises. Behind the shield there is a large mantle with a crown. The coat of arms of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovene is also given non-heraldically in the composition. The picture is black and white and the author's signature is present: probably "fig. Dj. Sutulac" (Fig. 13).

The Coat of Arms of the City of Skopje, together with the arms of the Kingdom of Yugoslavia appears embossed on a book cover in the private collection of King Alexander Karadjordjevic (Ацовић 2008, 636). The shield is in the

планина (сл. 14). Овој грб се користи на диплома од 1937 година на противпожарната организација Вардарска Бановина, каде што е прикажан големиот грб на Скопје – штитот е носен на градите на двоглавиот орел (сл. 15). Истиот грб се наоѓа и на низа документи. (сл. 16)




Сл./Fig. 14

За време на Втората светска војна, под бугарска администрација на 12 јули 1941 година, беше усвоен следниот грб: „Тврдина Кале, лав што вее црвено знаме, класје пченица и Шар планина, мост над реката Вардар; со мотото, „Блести и Благоденствува“ (Протокол 1941). Министерството за внатрешни работи и народното здравје дало дозвола на 6 октомври 1941 година за употреба на грбот, но црвеното знаме што го вее лавот морало да се замени со бугарската тробојка (Дирекция 1941). Сликата не е зачувана (Јоновски 2013).



Сл./Fig. 15



Сл./Fig. 16

Најстарата претстава за грбот на повоено Скопје е од туристичката карта од 1950-тите. Грбот на Скопје го има следнив блазон: расечен црвено и зелено, врз црвена основа сребрена тврдина, во основата сребрен мост со 5 лака (сл. 17).[2] Од 1969 година до денес, грбот на Скопје има ист состав од 1931 година, но на различен штит.




Сл./Fig. 17

## ГРБ НА Н/С Р МАКЕДОНИЈА

Грбот на Народна Република Македонија беше усвоен како прва точка на дневниот ред на Втората вонредна седница на Народното собрание, одржана во Скопје на 26 јули 1946 година. Законот за грбот на Народна Република Македонија, во член 1, го опишува овој грб:

*Грбот на Народна Република Македонија претставуе поле опкружено со житно класје испреплетено со плодови афион и тутуново лисје, кои се на дното поврзани со лента про-*

Spanish style and it is crowned with “the crown of Tsar Dushan” It is a landscape composition of the stone bridge fortress and a mountain (Fig. 14). These arms are used on a 1937 diploma of the Vardar Banovina firefighting organisation, where it shows the large Arms of Skopje - the shield being borne on the breast of a double-headed eagle (Fig. 15). From the same period there is another emblazon (Fig.16).

During WWII, under the Bulgarian administration, on 12th July 1941, the following arms was adopted: “Kale Fortress, a lion flying a red flag, with wheat stalcs, and the Shar Mountains, Bridge over the river Vardar; for a motto, ‘Blesti and Blagodenstvuva’ (Shines and Lives Well)” (Протокол 1941). The Ministry of the Interior and National Health granted permission on 6th October 1941 for the use of the Arms, but the red flag which the lion was flying had to be replaced with the Bulgarian tricolor (Дирекция 1941). The image was not preserved (Jonovski 2013).

The oldest representation of the arms of post-war Skopje is from a 1950s tourist map. The Arms of Skopje have the following blazon: *per fess Azure and Vert, upon a base Gules a fortress Argent and in base a bridge Argent with five arches* (Fig. 17).[2] From 1969, till today, the arms of Skopje have the same composition of 1931 but on different shield.

## COAT OF ARMS OF P/S R MACEDONIA

The Coat of Arms of the People’s Republic of Macedonia was adopted as the first item on the agenda of the Second Extraordinary Session of the National Assembly, held in Skopje on 26 July 1946. The Law on the Coat of Arms of the People’s Republic of Macedonia, in Article 1, describes this coat of arms:

*The coat of arms of the People’s Republic of Macedonia is a field surrounded by wheat stalks intertwined with poppy fruits and tobacco*

*шарена со народни мотиви. На лентата е напишано „Н. Р. Македонийа“. Помеѓу врвови на класйето има звезда петокрака. Среде во полето се оиртуе планина во чието подножйе тече река. Зад планината изгрева солнце* (Закон за грб 1946).

Тоа е чисто пејзажна композиција, со сонце што изгрева зад централниот елемент, планина, дизајнирана од Василије Поповиќ-Цицо (сл. 18).

Два дена подоцна, весникот Нова Македонија, орган на Народниот фронт на Македонија, којшто функционираше како официјален весник, го објави овој закон заедно со слика на грбот и објаснување:

*Грбот на Народна Република Македонија е симбол на слободата и братството на Македонскиот народ и богатството на македонската земја. Житното класје, плодовите на афионот и листовите тутун го претставуваат богатството на Македонија и разновидноста на нејзината економија. Петокраката ѕвезда ја симболизира народноослободителната војна со којашто македонскиот народ ја доби слободата. Народниот мотив на лентата го изразува богатството и убавината на народниот бит. Во средината на полето се наоѓа планината Пирин, најголемата македонска планина којашто била центар на народноосободителните војни во минатото, а реката што тече е реката Вардар, најпознатата македонска река во Републиката. Пирин и Вардар истовремено го претставуваат единството на сите делови на Македонија и идеалот на нашиот народ за национално обединување. Сонцето го претставува слободниот и творечки живот во Македонија.* (Народното 1946)

Грбот на Народна Република Македонија е симбол на слободата, братството и богатството на македонската земја. Ѕвездата петокрака е симбол на НОБ (како средство за стекнување слобода, а не симбол на комунистичката идеологија). Меѓу главните централни елементи, планината и реката ги претставуваат Пиринска и Вардарска Македонија. Двата елемента заедно го претставуваат „единството на сите делови




**Сл./Fig. 18**

*leaves, which at the bottom are connected with a ribbon embroidered with folk motifs. On the ribbon is written “N. R. Macedonia.”*[3] *At the top is a five-pointed star. In the middle of the field is a mountain; a river flows at its foot. Behind the mountain the sun rises* (Закон за грб 1946).

This was a purely landscape composition, with the sun rising behind the central element, a mountain, designed by Vasilije Popovic-Cico (Fig. 18).

Two days later the newspaper *Nova Makedonija*, the organ of the People’s Front of Macedonia functioning as an official journal, published this law together with an image of the coat of arms and an explanation:

*The coat of arms of the People’s Republic of Macedonia is a symbol of freedom and brotherhood of the Macedonian people and the wealth of the Macedonian land. The wheat stalks, poppy fruits, and tobacco leaves represent the wealth of Macedonia and the diversity of its economy. The five-pointed star symbolises the national liberation war with which the Macedonian people won freedom. The national motif on the ribbon expresses the richness and beauty of the national essence. In the middle of the field is Mount Pirin, the largest in Macedonian and the centre of the People’s Liberation Wars in the past, and the river that flows is the river Vardar, the most famous Macedonian river in the Republic. Pirin and Vardar simultaneously represent the unity of all parts of Macedonia and the ideal of our people for national unification. The sun represents the free and creative life in Macedonia* (Народното 1946).

The arms of the People’s Republic of Macedonia are a symbol of freedom, fraternity, and the wealth of the Macedonian land. The five-pointed star is a symbol of the National Liberation War (as a means of gaining freedom rather than a symbol of Communist ideology). Among the main internal elements, the mountain and the river represent the Pirin and Vardar parts of Macedonia. The two elements together represent the “unity of all parts of Macedonia and

на Македонија и идеалот на нашиот народ за национално обединување“. Идеалот за национално обединување, сè уште бил жив со идејата за Балканска федеративна република на Јосип Броз Тито и Георги Димитров со сојузот на Југославија и Бугарија, што ќе ги споеше Вардарска со Пиринска Македонија.

Сонцето ја симболизира слободата и креативноста. Тоа значеше дека сега народот може слободно да се декларира како Македонец во секој поглед. Симболиката целосно се совпаѓа со значењето на текстовите на двете химни – сонцето на слободата. Елементите колективно го симболизираат ослободувањето и обединувањето на материјално и духовно богатата Македонија преку НОБ. Малку изменета верзија на грбот се појави во првиот устав, усвоен на 31 декември 1946 година. Текстот на лентата е целосно испуштен (Устав 1946). Конечната верзија се користеше од 6 август 1947 година, со елипсовидно наместо кружно поле. Овој дизајн ќе се користи во следните 62 години (сл. 19).

Амблемот на Народна Република Македонија не е дизајниран според хералдички принципи и затоа не е хералдички грб, иако може да се анализира со употреба на хералдички концепти. Според официјалниот опис, амблемот е поле, опкружено со венец. Затоа, како штит на малиот грб може да се смета полето, додека сите елементи што не се целосно на овалниот штит може да се сметаат за надворешни орнаменти.

Венецот не е непознат во класичната хералдика, но заедно со црвената петокрака, демонстрира социјалистички дизајн.

Во подоцнежните верзии на грбот, односот и распределбата на елементите во полето се смени ја. Планината на грбот од 1946 година е на 1/4 од висината на полето; на грбот од 1947 година е на 5/8 од висината на полето (неговата површина се зголеми за 2/3). Сончевиот диск е малку намален во дијаметар, но е подигнат така што горниот раб се помести од 1/3 на 2/3 од висината на полето. Односот на дијаметарот на сонцето и полето е приближно 1:2.


Сл./Fig. 19

the ideal of our people for national unification.” The ideal of national unification, was still alive with the idea of a Balkan Federal Republic of Josip Broz Tito and Georgi Dimitrov with the union of Yugoslavia and Bulgaria, which would have merged Vardar with Pirin Macedonia.

The sun symbolizes freedom and creativity. It meant that now the people could freely declare themselves Macedonian in every respect. The symbolism coincides fully with the meaning of the texts of the two anthems—the sun of freedom. The elements collectively symbolize the liberation and unification of the material and spiritually rich Macedonia through the National Liberation War.

The slightly-altered arms, appeared in the first constitution adopted 31 December 1946. The ribbon’s text is omitted entirely (Устав 1946). The final version was used from 6 August 1947, with an elliptical instead of circular field. This design would be used for the next 62 years (Fig 19).

The emblem of the People’s Republic of Macedonia was not designed according to heraldic principles and therefore is not an heraldic coat of arms, although it may be analysed using heraldic concepts. According to the official description, the emblem is a field surrounded by a wreath. Therefore, as a lesser coat of arms, the field may be considered as a shield, while all elements that are not completely on the oval shield may be considered external ornaments.

A wreath - although not unknown in classical heraldry -put together with the red five-pointed star, demonstrates socialist design.

In later versions of the arms, the relationship and distribution of the elements in the field changed. The mountain on the 1946 arms is 1/4 of the height of the field, on the 1947 arms it is 5/8 of the height of the field (its *area* increased by 2/3). The solar disk is reduced slightly in diameter, but raised so that its upper edge moved from 1/3 to 2/3 of the height of the field. The ratio of the diameter of the sun and the field is approximately 1:2.

Ниту Уставот, ниту некој друг Закон не дадоа спецификации за грбот на Македонија, што резултираше со многу варијанти коишто се разликуваат главно по големината на петокраката, што често се појавуваат кога грбовите се печатат, везат или стилизираат на други материјали. Секоја институција имаше своја верзија на графичкиот дизајн.

## ОПШТИНСКА ХЕРАЛДИКА

Социјалистичка Република Македонија имала неколку територијални поделби по Втората светска војна. Потоа, во 1965 година, областите биле укинати и бил воведен административен систем на едно ниво со 32 општини (со главен град Скопје, како посебна административна единица со 5 општини). Територијалните поделби беа регулирани со Уставниот закон, во којшто не се споменуваат грбови ниту знамиња на општините, така што воопшто нема регулатива, а некои општини користеа социјалистички „грбови“.

Влијанието на „социјалистичката хералдика“ беше силно, со пејзажот како најраспространет концепт на општински „грб“ во СР Македонија. Основната хералдичка идеја за употреба на општи симболи, како што се користат во хералдичката традиција, за да се претставаат специфични атрибути и квалитети е прилично нова идеја и едвај стигнува до вистинското место. Наместо тоа, дизајнот на грбот е повеќе „стави сè што можеш на штит“ со специфични реални елементи на индустриски и земјоделски објекти со близу фотографска претстава.




Сл./Fig. 20




Сл./Fig. 21

Според Милош Константинов, во 1972 година само седум општини одговориле позитивно на прашањето дали користат грб: Скопје, Битола (сл. 20), Куманово, Крушево, Охрид, Струга и Радовиш (сл. 21). Сите грбови беа дизајнирани во социјалистички стил. Пет општини одговориле негативно, а останатите не се потрудиле да одговорат (Константинов 1972). Две други, Тетово и Струмица (сл. 22), исто така,

Neither the Constitution nor any other Law provided specifications for the arms of Macedonia, resulting in many variants—differing mostly in the size of the five-pointed star—which often surface when the arms are printed, embroidered, or stylised on other materials. Each institution had its own version of the graphic design.

## MUNICIPAL HERALDRY

The Socialist Republic of Macedonia had several territorial divisions after the Second World War. Then in 1965 districts were abolished and a single-level administrative system with 32 municipalities was introduced (with the capital city, Skopje, as a separate administrative unit with five municipalities). The territorial divisions were governed by the Constitutional Law, which made no mention of arms or flags of the municipalities, so there was no regulation at all, and some municipalities used Socialist "coats of arms".

The influence of "socialist heraldry" was strong, with the landscape as the most prevalent concept of Municipal "Coat of Arms" in the Republic of Macedonia. The core heraldic idea of the use of general symbols, as used in the heraldic tradition, to represent specific attributes and qualities is rather new and has hardly arrived at its proper place. Rather, the design of arms is more "all you can put on a shield" with specific real elements of industrial and farming objects and near-to photographic presentation.

According to Milosh Konstantinov, in 1972 only seven municipalities responded positively when asked if they used a coat of arms: Skopje, Bitola (Fig. 20), Kumanovo, Krushevo, Ohrid, Struga, and Radovish (Fig. 21). All coats of arms were designed in the socialist style. Five Municipalities answered negatively, and the rest did not bother to answer (Константинов 1972). Two other, Tetovo and

користеле грбови од 60-тите години.

## ХЕРАЛДИКАТА КАКО НАУКА И УМЕТНОСТ

Развојот на интересот и проучувањето на грбовите и хералдиката може да се подели на 4 нивоа: препознавање, колекционирање, проучување и развиена фаза (Јоновски 2019б, 106). Првата фаза – препознавање, е препознавање на постоењето хералдички амблеми и хералдички композиции, често применети на разни предмети. Често во оваа фаза не е можно да се направи разлика дали амблемот е навистина хералдички или само сличен.

Втората фаза – колекционерство е „собирање слики“ со грбови каде што се познати само основните информации за грбот, односно неговиот носител. Третата фаза е проучување, проучување на односите и околностите за добивање, прикажување, наследување на грбот и можни промени, како и вклучените страни.

Четвртата, развиена фаза – проучување на правила и принципи, за составот, соодносот на фигури итн., но и блазонирање, синтакса и терминологија што се користат во техничкиот опис на грбовите. Важен дел од оваа фаза е и практичниот и проблемскиот пристап. Практичниот пристап е креирањето грбови, и проблемскиот – што може и што не може да се користи/направи или што е подобро да се направи при креирање грбови.

## ХРИСТОФОР ЖЕФАРОВИЧ

Првиот што се занимаваше со хералдика во Македонија и пошироко во оваа област беше Христофор Жефарович, македонски сликар, иконописец, бакрорезец, роден во Дојран. Учел во Солун, а потоа заминал за Карловачката епархија. Најголемата слава кај Јужните Словени му ја донесе неговата гравирачка и издавачка работа и првата српска печатница во Војводина, денешна Србија. Умрел во 1753 година во Москва. Во 1741 година го објавил словенскиот превод на Стематографијата на Павле Ритер Витезовиќ, којшто бил објавен во 1701 година на латински. Преводот на Жефарович бил објавен на



Сл./Fig. 22

Strumica (Fig. 22) also used arms from the 1960s.

## HERALDRY AS SCIENCE AND ART

The development of interest in and study of coats of arms and heraldry can be divided into four levels: recognition, collectibles, study and the developed phase (Јоновски, 2019b, 106). The first stage - recognition – the recognition of the existence of heraldic emblems and heraldic compositions, often applied to various objects. Often at this stage it is not possible to distinguish whether the emblem is really heraldic or just similar.

The second stage - collecting - is “collecting images” with coats of arms where only basic information about the coat of arms is known, i.e. its bearer. The third stage is a study - a study of the relationships and circumstances of obtaining, displaying, inheriting the coat of arms and possible changes, as well as the parties involved.

The fourth, the developed phase – includes the study of rules and principles, for composition, ratio of figures, etc., but also blazoning (the syntax and terminology used in the technical description of coats of arms). Important parts of this phase are both the practical and the problematic approaches. The practical approach in creating coats of arms, and the problematic one - what can and what cannot be used/done or what is better to do when creating coats of arms.

## HRISTOFOR ZHEFAROVIC

The first to deal with heraldry in Macedonia and beyond was Hristofor Zhefarovic, a Macedonian painter, icon painter, copper engraver, born in Dojran. He studied in Thessaloniki and then left for the Karlovac diocese. He achieved his greatest fame among the South Slavs through his engraving and publishing work, and the first Serbian printing shop in Vojvodina in present day Serbia. He died in 1753 in Moscow. In 1741 he published the Slavic translation of the Stemmatographia of Pavle Riter Vitezovic, published in 1701 in Latin. Zhefarovic’s translation was published on 21 October 1741 in Vienna, on the day Arsenie

21.10.1741 година во Виена, на денот кога Арсение бил потврден за патријарх, кому му била посветена Стематографија (сл. 23) (Жефарович 1741). Жефарович додал неколку страници во преводот на оригиналната книга: 8 гравури со по два и 8 гравури со по еден светец или владетел, како и портрет на патријархот Арсение и грб, создаден за патријархот. Грбовите се претставени со хералдичка шрафура за означување на боите. Виенскиот мајстор Месмер работел на Стематматографија, режејќи ги цртежите на Жефарович во бакар. Цртежите се премногу слични на оние од Стематографијата на Витезовиќ. Прво е даден грбот на Патријархот, па грбот на Илирија, на (српското) царство на династијата Немањиќ, а потоа по азбучен ред дадени се 56 грба. Во вториот дел од „Стематографија“ се дава објаснување за секој грб. За разлика од „Стематматографија“ на Витезовиќ, којашто била напишана на латински, онаа на Жефарович е напишана на словенски јазик и била достапна за сите, без разлика дали се писмени или не, бидејќи тоа е албум со грбови, владетели и светци (Матковски 1970, 125).

Освен преводот на Стематографија, што ќе стане првиот илустриран прирачник во хералдиката, не се познати други хералдички текстови од Жефарович, што го става во првата фаза на познавање на хералдиката, само препознавање и пренесување слики со грбот.

## ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ

Јордан Хаџи Константинов-Џинот (1821 – 1882), „хералдиката, како предмет, ја вклучи во наставната програма за учениците од трето одделение („Первите (най-големите) дѣца“) од образовниот процес што го изведуваше во училиштето во Велес и Скопје, веројатно и во Прилеп“, според Шоптрајанов (Шоптрајанов 1999, 62). Џинот бил голем следбеник на големиот хрватски преродбеник Људевит Гај (1809 – 1872), од кого веројатно ја наследил љубовта кон херал-


СТЕМАТОГРАФІА,
ЮЖЕ ВЪ ВѢЧНУЮ ПАМЯТЪ,
БЛАГОПОЛУЧНАГО ПОТВЕРЖДЕНІЯ,
СВЯТѢЙШЕМУ И БЛАЖЕННѢЙШЕМУ, ГДНУ, ГДНУ,
АРСЕНІЮ ЧЕТВЕРТОМУ,
АРХІЕПИСКОПУ ПЕКСКОМУ,
ВСѢХЪ СЕРБОВЪ, БОЛГАРОВЪ, ЗАПАДНАГО ПОМОРІЯ, ДАЛМАЦІИ, БОСНЫ, ОБОПОЛУДУНАЯ, И ЦѢЛАГО ИЛЛУРИКА,
ПАТРІАРХУ
ГДНУ, ГДНУ, МИЛОСТИВѢЙШЕМУ
ХРИСТОФОРЪ ЖЕФАРОВИЧЪ ИЛЛУРІЙСКО РАССІАНСКІЙ ОБЩІЙ ЗОГРАФЪ ВСЕПОКОРНО ПРИПИСУЕТЪ, И ВЪ ЗАЛОГЪ СЫНОВСКАГО БЛАГОГОВѢНІЯ ДАРУЕТЪ.
ВЪ ВІЕННИ.
Ѳома Мессмеръ Сѣчецъ. 1741.

Сл./Fig. 23

was confirmed as a patriarch and to whom Stemmatographia was dedicated (Fig. 23) (Жефаровиќ 1741). Zhefarovic added several pages to the translation of the original book: eight engravings with two and eight engravings with one saint or ruler, as well as a portrait of Patriarch Arsenie and the Coat of Arms created for the Patriarch. The coats of arms are represented by heraldic hatching to indicate the colors. The Viennese master Mesmer also worked on the Stemmatographia, engraving Zhefarovic's drawings on copper. The drawings are very similar to those in Vitezovic Stemmatographia. First is given the coat of arms of the Patriarch, the coat of arms of Illyria, that of the (Serbian) Nemanjic dynasty's kingdom, and then, in alphabetical order, 56 coats of arms. In the second part of the Stemmatographia, an explanation is given for each coat of arms. Unlike Vitezovic's Stemmatographia, which was written in Latin, Zhefarovic's is written in Slavic and was available to everyone whether they were literate or not, as it was an album of pictures of coats of arms, rulers and saints (Матковски 1970, 125).

Apart from the translation of the Stemma tographia, which will become the first illustrated manual in heraldry, no other heraldic texts by Zhefarovic are known, which puts him in the first phase of knowledge of heraldry, only recognising and transmitting images of coats of arms.

## JORDAN HADZI KONSTANTINOV-DZINOT

Jordan Hadzi Konstantinov-Dzinot (1821-1882), "heraldry, as a subject, was included in the curriculum for third grade students ("The first (oldest) children") from the educational process he performed at the school in Veles and Skopje, probably in Prilep as well" according to Shoptrajanov (Шоптрајанов 1999, 62). Dzinot was a great follower of the great Croatian revivalist Ljudevit Gaj (1809-1872), from whom he probably inherited his love of heraldry. No

диката. Не се познати хералдички дела на Џинот. Единствената наставна алатка достапна за Џинот, најверојатно била Стематографија на Жефарович.

## ДИЈАСПОРА

Други значајни личности од овој период, кои се од Македонија, но живееле и работеле во Бугарија се Георги Баласчев и Стефан Баџов.

Георги (Ѓорѓи) Баласчев (1869, Охрид – 1936, Софија) бил историчар и публицист. Дипломирал на Солунската егзархиска гимназија и заминал во Софија каде што студирал историја, а потоа во Виена каде што дипломирал славистика. Бил наставник во првата Софиска машка гимназија и работел во Националниот историски музеј во Софија. Тој бил познаник на Крсте Пертков Мисирков, основачот на модерниот македонски јазик, од заедничките престои во Белград (1889) и во Софија (1890), и бил дел од Младата македонска книжевна дружина, и на нивниот весник „Лоза", каде објавувал под псевдонимот Езерски. Тој напишал статија за бугарскиот државен грб во списанието „Минало", во 1909 година (Баласчев 1909, 175).

Стефан Баџов (1881, Крушево – 1953, Софија). Во 1906 година завршил студии за декорација и фрескоживопис во Прага, а потоа заминал за Бугарија, каде што во 1908 година станал професор на Националната академија за уметности во Софија, предавајќи декорација. Тој дизајнирал медали, дипломи, банкноти, акции, амблеми, поштенски марки и многу повеќе. Тој е автор на грбот на Кралството Бугарија во 1927 година. Неговите други дела во хералдиката не се познати.

## АЛЕКСАНДАР СОЛОВЈЕВ

Александар Василиевич Соловиев (1890, Калиш кај Гродно, Руска Империја, сега Полска – 1971, Женева) бил руски историчар, специјализиран за средновековна историја и средновековна хералдика. Се школувал во Варшава, тогаш во рамките на Руската Империја, каде што дипломирал на Правниот факултет во 1912 година, а потоа и на Историско-филолошкиот факултет. Потоа, во 1917 година побегнал од Русија и во 1920 година дошол во Белград, каде што работел како асистент на Правниот факултет. По Втората светска војна не бил прифатен од комунистичките

heraldic works of Dzinot are known. The only teaching tool available to Dzinot was presumably Zhefarovic's Stemmatographia.

## DIASPORA

Other important figures from this period, who are from Macedonia but lived and worked in Bulgaria, are Georgi Balaschev and Stefan Badzov.

Georgi (Gjorgji) Balaschev (1869 Ohrid - 1936 Sofia) was an historian and publicist. He graduated from the Thessaloniki Exarchate Gymnasium and went to Sofia where he studied history, then to Vienna where he graduated in Slavic studies. He was a teacher at the first Sofia Boys' High School and worked at the National History Museum in Sofia. He was an acquaintance of Krste Pertkov Misirkov, the founder of modern Macedonian language, from their joint residence in Belgrade (1889) and in Sofia (1890), and was part of the Young Macedonian Literary Society, and of their newspaper "Loza" where he published under the pseudonym Ezerski. He wrote an article about the Bulgarian state coat of arms in the magazine "Minalo" in 1909 (Баласчев 1909, 175).

Stefan Badzov (1881 Krushevo - 1953 Sofia). In 1906 he finished study of decoration and fresco painting in Prague, then left for Bulgaria where in 1908 he became a professor at the National Academy of Arts in Sofia, where he taught decoration. He designed medals, diplomas, banknotes, stocks, emblems, stamps and more. He is the author of the coat of arms of the Kingdom of Bulgaria in 1927. His other works in heraldry are not known.

## ALEKSANDAR SOLOVJEV

Aleksandar Vasilievich Solovyev (1890 Kalisz near Grodno, Russian Empire, now Poland - 1971 Geneva) was a Russian historian specialising in medieval history and medieval heraldry. He was educated in Warsaw, then within the Russian Empire, where he graduated from the Faculty of Law in 1912, and then the Faculty of History and Philology. Then in 1917 he fled Russia and in 1920 came to Belgrade where he worked as an assistant at the Faculty of Law. After World War II he was not accepted by the communist authorities and in 1951 fled

